IDSCS

# Институт за демократија

„Социетас цивилис“

## Јавното мислење во Македонија за рејтингот на политичките партии и личности

www.idscs.org.mk

24.јуни.2006
Скопје

# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА РЕЈТИНГОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ЛИЧНОСТИ

На ден **24 – 25 .06.2006** стручниот тим на Институтот за демократија спроведе телефонска анкета за испитување на перцепциите на граѓаните за политичките партии во Македонија, како и нивното мислење за лидерите на политичките партии.

## КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето беше спроведено според стандардизиран прашалник и врз основа на стратификуван примерок кој е репрезентативен за населението во Република Македонија. Во примерокот беа запазени демографските специфики на населението (полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење (урбана или рурална средина, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности). Во примерокот беа застапени испитаници од сите изборни региони во Македонија според поделбата од 2002 година.

## РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА

Со испитувањето беа опфатени вкупно **1 113 испитаници**. Од нив 494 испитаници се мажи, а 619 се жени, односно 44,4% од испитаниците се мажи, а 55,6% се жени.

Во однос на **старосните групи** 262 (23,5%) се млади до 29 години. Понатаму 204 (18,3%) имаат помеѓу 30 и 39, 213 или 19,1% се на возраст помеѓу 40 и 49, 208 испитаници или 18,7% од вкупниот број се во старосната група помеѓу 50 и 59, а 226 (20,3%) се над 60 години.

Според **образованието** 5,5% од испитаниците немаат завршено основно образование, а 19,9% имаат само основно образование. Најголем дел од нив или 49% имаат средно образование. Од останатите испитаници 5,1% имаат виша стручна спрема, а 20,5% се со високо образование.

Според **етничката структура**, најголем дел од испитаниците се етнички Македонци и тоа 792 од нив или 71,2% од вкупниот број, а втори по бројност се етничките Албанци со 277 испитаника или 24,9%. Потоа следат Турците со 1,3%, Србите со 0,9%, Ромите со 1,3%, Власите со 0,2%, и оние кои изразиле припадност на некоја друга етничка група со 0,4%.

Доколку се погледне структурата на испитаниците според **местото на живеење** ќе видиме дека 25,2% се од поголемите градови во Македонија, а 22% се од помалите градски средини. Останатите 29,5% од сите испитаници се од рурални средини, а 23,4% се од Скопје.

Во склоп на истражувањето, **подеднакво беа опфатени шестте изборни региони во Република Македонија**, при што отстапувањата меѓу регионите во поглед на нивната застапеност во анкетата се движеа во рамките на дозволеното (+/-1%).

## АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Анкетниот прашалник се состоеше од **ДВЕ ПРАШАЊА**, на кои испитаниците ги дадоа следните одговори:

**ПРВОТО ПРАШАЊЕ** во анкетата беше **доколку следната недела би се одржале парламентарни избори, за која партија би гласале?**

| Доколку следната недела би се одржале парламентарни избори за која партија би гласале? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Број | Процент |
| | ниедна | 328 | 29,5 |
| | друга | 10 | 0,9 |
| | не знам/ нема одговор | 131 | 11,8 |
| | СДСМ | 143 | 12,8 |
| | ВМРО-ДПМНЕ | 192 | 17,3 |
| | ДУИ | 107 | 9,6 |
| | ПДП | 2 | 0,2 |
| | ДПА | 65 | 5,8 |
| | НСДП | 59 | 5,3 |
| | ДОМ | 26 | 2,3 |
| | ПЕО | 4 | 0,4 |
| | Земјоделска партија | 6 | 0,5 |
| | ДА | 4 | 0,4 |
| | СП | 1 | 0,1 |
| | ЛДП | 2 | 0,2 |
| | ВМРО-Народна | 29 | 2,6 |
| | Партија за демократска иднина | 4 | 0,4 |
| | Вкупно | 1113 | 100 |

Резултатите од определените избирачи се прикажани во табелата подолу.

| НЕОПРЕДЕЛЕНИ 42,2% | | |
|---|---|---|
| ОПРЕДЕЛЕНИ 57,8% | | |
| СДСМ | 143 | 21,9 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 192 | 29,4 |
| ДУИ | 107 | 16,4 |
| ПДП | 2 | 0,3 |
| ДПА | 65 | 9,9 |
| НСДП | 59 | 9,0 |
| ДОМ | 26 | 4,0 |
| ПЕО | 4 | 0,6 |
| Земјоделска партија | 6 | 0,9 |
| ДА | 4 | 0,6 |
| СП | 1 | 0,2 |
| ЛДП | 2 | 0,3 |
| ВМРО-Народна | 29 | 4,4 |
| Партија за демократска иднина | 4 | 0,6 |
| друга | 10 | 1,5 |

Во **ВТОРОТО ПРАШАЊЕ** граѓаните требаше да одберат еден македонски **политичар во кој имаат најголема доверба**.

| Во кој политичар имате најмногу доверба? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Број | Процент |
| | ниеден | 291 | 26,1 |
| | друг | 54 | 4,9 |
| | не знам / нема одговор | 108 | 9,7 |
| | Владо Бучковски | 74 | 6,6 |
| | Никола Груевски | 196 | 17,6 |
| | Али Ахмети | 115 | 10,3 |
| | Абдулади Вејсели | 5 | 0,4 |
| | Арбен Џафери | 78 | 7 |
| | Тито Петковски | 85 | 7,6 |
| | Лилјана Поповска | 26 | 2,3 |
| | Велија Рамковски | 5 | 0,4 |
| | Маријан Ѓорчев | 2 | 0,2 |
| | Васил Тупурковски | 7 | 0,6 |
| | Павле Трајанов | 1 | 0,1 |
| | Ристо Пенов | 6 | 0,5 |
| | Љубчо Георгиевски | 32 | 2,9 |
| | Алајдин Демири | 2 | 0,2 |
| | Радмила Шеќеринска | 20 | 1,8 |
| | Трајко Славевски | 1 | 0,1 |
| | Влатко Ѓорчев | 1 | 0,1 |
| | Илинка Митрева | 4 | 0,4 |
| | Вкупно | 1113 | 100 |

НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови.

Сите истражувања на институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3,1% . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Гораст Стојменовски, ИДСЦС